**Барање 162/1**

1.Дали општината организирала избори за месна самоуправа во текот на 2022?Доколку се организирани ве молиме во прилог да ја доставите одлуката за распишување на изборите за месна самоуправа.

2.На кој начин е обезбедена јавно достапна информација за времето и местетото на одржување на изборите за месна самоуправа во 2022?Ве моли ме во прилог да го доставите повикот на избори на МС.

3.Во колку МЗ и УЗ се организирани собири на граѓани за избори на претседатели и членови на совет на МС?

4.Колкав е вкупниот број на граѓани кои биле присутни на собирите на граѓани за избори на пртседатели и членови на советот на МС?Ве молиме податоците разделете ги по пол.

5.Колкав е вкупниот број на избрани претседатели на МЗ и УЗ? Ве молиме податоците разделете ги по пол.

6.Колкав е вкупниот број на избрани членови во советите на МС?Ве молиме податоците разделете ги по пол.

7.Кога последен пат е распишан повик за избор на месна самоуправа на територијата на вашата општина,доколку не се организирани избори за МС во 2022?

**Одговор 23-162/2**

1. ДА, Општина Кавадарци организираше избори за месна самоуправа во 2022 година. Во прилог Ви ги доставуваме одлуките за распишување на избори за месна самоуправа (скенирани одлуки).
2. За времето и местото на одржување на изборите за месна самоуправа за 2022 година, граѓаните беа известени на неколку начини и тоа:
   - 2.1. Јавно соопштение за собир на граѓани во месни и урбани заедници на територијата на Општина Кавадарци, објавено на веб страната на Општина Кавадарци, во локалните медиуми неколку пати во текот на денот, социјалните мрежи (официјална фб страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци, д-р Митко Јанчев, како и на огласната табла во општината).
   - 2.2. Известување за Собир на граѓани кое беше поставено од страна на службените лица (Мој Општинар) на јавни видни места во населените места (локални колонијални продавници ,училишта).

     Во прилог Ви го доставувам соопштението за собир на граѓани во месни и урбани заедници на територијата на Општина Кавадарци.
3. За избор на претседатели и членови на совет на месна самоуправа се одржаа 37 собири на граѓани од вкупно 41 и тоа, во 8 -урбани и 29 - месни заедници.

4. На собирите на граѓани за избор на претседатели и членови на совет на месна самоуправа беа присутни 830 граѓани од кои 650 мажи и 180 жени.
5. За претседатели на урбани заедници избрани се 8 лица, сите мажи, а за претседатели на месни заедници избрани се 29 лица,од кои 28 мажи и 1 жена.
6. Во советите на месни самоуправи избрани се 203 члена, од кои 185 мажи и 18 жени.
7. Во Општина Кавадарци се организираа избори за месна самоуправа во 2022 година.